## ОПШТИНА БРВЕНИЦА

# Б - ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА

## ЗЗ ЕДИНСТВО о.о извоз-увоз с.Челопек

## Подружница Кланица МИЧ ЧЕЛОПЕЧКО - с.Брвеница

**ул.Браќа Јаниќ бр.7Б**
**1216 с.Брвеница**

**Број на Дозвола 14-104/2017-17 од 30.03.2022 год.**

# Содржина

**Вовед** ..................................................................... . 3

**Дозвола** ..................................................................... 8

**1 Инсталација за која се издава дозволата ......................................... 8**

**2 Работа на инсталацијата** ......................................... 13

2.1 Техники на управување и контрола ......................................... ...13

2.2 Суровини (вклучувајќи и вода) ......................................... ...14

2.3 Ракување и складирање на отпад .........................................16

2.4 Преработка и одлагање на отпад ......................................... 18

2.5 Спречување и контрола на хаварии .........................................19

2.6 Мониторинг ......................................... 20

2.7 Престанок со работа .........................................21

2.8 Инсталации со повеќе оператори .........................................21

3 Документација .........................................22

4 Редовни извештаи.........................................24

5 Известувања .........................................25

6 Емисии ......................................... ...26

6.1 Емисии во воздух ......................................... .26

6.2 Емисии во почва ......................................... ...27

6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација) ......................................... ......28

6.4 Емисии во канализација .........................................29

6.5 Емисии на топлина ......................................... 30

6.6 Емисии на бучава и вибрации .........................................31

7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води .........................................32

8 Програма за подобрување ......................................... 33

9 Договор за промени во пишана форма ......................................... 34

Додаток1 .................................................................................................................................. ............. 35
Додаток 2 ................................................................................................................................... .......... 36

# ВОВЕД

## Овие воведни белешки не се дел од дозволата

Следната дозвола е издадена согласно Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр.53/05,81/05,24/07,159/08,83/09,48/10,124/10,51/11,123/12,93/13,187/13,42/14.44/15,129/15,192/15,39/16, 28/18,65/18,99/18) за работа на инсталација што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола, односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување барање за усогласување со оперативен план (Службен весник на РМ бр.89/2005) до одобреното ниво на дозволата.

## Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа Дозвола

Кланица МИЧ ЧЕЛОПЕЧКО с.Брвеница е оператор на инсталација за колење,сечење и изработка на производи од месо на свињи и говеда, и е регистрирана како Подружница на Земјоделската Задруга ЕДИНСТВО - с.Челопек со ограничена одговорност увоз-извоз-с.Челопек.
Кланицата МИЧ ЧЕЛОПЕЧКО е лоцирана на југоисток од н.м.Брвеница, односно на КП Бр.601 КО Брвеница. Пристапот до парцелата е овозможен преку исклучување од регионалниот пат Р2233 во центарот на Брвеница и приклучување на локалната улица Браќа Јаниќ, поточно на оддалеченост од околу 1 км од центарот на с.Брвеница.Поширокото опкружување на инсталацијата го сочинуваат земјоделски обработливи површини, а од најблиските индивидуални куќи е оддалечена од околу 600-700 метри.
Кланицата е нова инсталација, чија изградба е започната во 2015 г. а завршена во 2016г. Објектот е заокружена производна целина и состои од приземје од 1.314 м2 и кат од 258 м2,а целиот ограден простор каде што се одвива целокупниот технолошки процес(заедно со помошните процеси) изнесува 9.149 м2. Технолошкиот процес се одвива во приземјето, а катот е административен дел. Во кругот на инсталацијата се наоѓа и пречистителна станица,портирница и засебен созидан објект од каде се користи бунарска вода за што операторот поседува Дозвола за користење на подземно водно тело. Во приземниот производен дел е водено сметка за одделување на чистиот од нечистиот дел при што постојат различни чисти и нечисти влезови, и се состои од повеќе делови: сточно депо, две посебни линии за колење (за свињи и за говеда), прифатилиште за споредни производи, ладилник за складирање на месо и внатрешни органи,обезкостување и сечење месо, преработка на месо,термички третман,ладење на производот, пакување, експедиција на месо, тунел за смрзнување на месо,лагер замрзнато месо и др.помошни и придружни простории.
Според природата на производниот процес во инсталацијата се генерира следниот вид на отпад: отпад од животинско потекло, мешан комунален отпад, отпад од средства за чистење и дезинфекција, отпад од гајби, санитарна отпадна вода,технолошка отпадна вода и др., и за секој вид на отпад поседува договор за негово превземање од страна на овластени фирми.На отпадната технолошка вода се врши прочистување во сопствена пречистителна станица пред да биде испуштена во канализација за што операторот има склучено договор со ОЈП Вардар – Брвеница .Има извршено мерења на интензитетот на бучава и истата не ги надминува дозволените гранични вредности.
Од страна на операторот е поднесено барање со Бр.14-104/2017 од 13.01.2021 г.за измена на Б-еколошка дозвола Бр.14-104/2017 од 26.02.2020 г.издадена од општина Брвеница, поради започнување со втората фаза од планираното производство односно произвоство на трајни и полутрајни производи преку термичка обработка на свежо свинско месо, со проектиран капацитет од 2 т/ден. Новата технолошка линија се обавува во специјално опремени простории за ваков вид на производство кои се во склоп на кланицата, а производната програма опфаќа производство, обработка и манипулација со мелено свинско месо и подготовки од месо (ражниќи, увијачи), разни видови колбаси, чадени свински коски,чадена свинска печеница, чаден врат, чадени ребра, топена животинска маст,чварки, чајна, кулен и др.Сушењето на производите се врши во две специјални комори за таа намена кои ќе работат комбинирано на електрична енергија и пилевина. Ќе се врши мониторинг на емисии во амбиентален воздух од двата вертикални оџаци од коморите , во услови кога се користи пилевината како агенс за димење на месото. Иако инсталацијата е опремена со

посебна линија за колење на говеда и има услови за обработка на говетско месо и производство на трајни и полутрајни производи од говедско месо,со оваа технолошка линија сеуште не е отпочнато со работа,а доколку дојде до примена и на оваа производна линија ќе го извести Надлежниот орган.

| Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација | | |
|---|---|---|
| **Сопственик на дозволата** | **Број на дозволата** | **Дата на издавање** |
| **Кланица МИЧ ЧЕЛОПЕЧКО с.Брвеница** | **Б-интегрирана еколошка дозвола Бр. 14-104/2017** | **26.02.2020** |

| Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација | | |
|---|---|---|
| **Сопственик** | **Референтен број** | **Дата на издавање** |
| Нема | / | / |

## Комуникација

Доколку сакате да контактирате со Органот на локалната самоуправа надлежен за работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст Надлежниот орган) во врска со оваа дозвола, Ве молиме наведете го бројот на дозволата. За било каква комуникација, контактирајте го Надлежниот орган на следната адреса: **ул.Маршал Тито бб с.Брвеница -Општина Брвеница**.

## Доверливост

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган.

Надлежниот орган ќе ги стави податоците во општинските регистри, согласно потребите на Законот за животна средина. Доколку операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги иземе истите од регистарот, согласно Законот за животна средина. Со цел да му овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара иземање.

Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животна средина, член 55 став 2, точка 4. Операторот ќе ја наведе причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка дозвола во посебен плик.

## Промени во Дозволата

Оваа Дозвола може да се менува во согласност со Законот за животна средина.

Органот надлежен за издавање на Б-интегрирана еколошка Дозвола на секои 7(седум) години ке ги проверува условите утврдени во Дозволата и доколку настанале измени во прописите за заштита на

животната средина кои можат да влијаат врз работењето на инсталацијата ќе покрене постапка за измена на Б-интегрираната еколошка дозвола.

Операторот поднесува барање за обнова на Дозволата до Надлежниот орган најдоцна 1(една) година пред истекот на временскиот период од 7(седум) години.

## Пренос на Дозволата

Пред да биде извршен целосен или делумен пренос на дозволата на друго лице, треба да се изготви заедничко барање за пренос на дозволата од страна на постоечкиот и предложениот сопственик, согласно член 118 и 134 од Законот за животна средина и во согласност со Правилникот за постапката за добивање на Б - интегрирана еколошка Дозвола (Сл.Весник на РМ Бр.112/14 и 42/16).

## Одземање и престанок на Дозволата

Оваа Дозвола се одзема доколку се исполни и само еден од условите за одземање утврдени согласно Законот за животна средина и во согласност со член 15 и член 16 од Правилникот за постапката за добивање на Б- интегрирана еколошка Дозвола(Службен весник на РМ Бр.112/14,42/16).

## Преглед на барани и доставени документи

| Предмет | Датум | Коментар |
|---|---|---|
| | | |
| Барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола Бр.14-104/2017 | 19.12.2017 | Доставено е барање до надлежен орган |
| Заклучок за дополнување Бр.14-104/2017 | 16.01.2018 | Побарани се дополнителни информации и документација од операторот |
| Доставено е дополнување Бр.14-104/2017 | 17.04.2018 | Дополнувањето е делумно, има образложение дека е поднесено барање за добивање на дозвола за користење на подземно водно тело (бунар) за технолошки потреби и постапката е во тек во МЖСПП |
| Решение за прекин на постапка до решавање на претходно прашање Бр.14-104/2017 | 24.04.2018 | Постапката се прекинува се додека не се обезбеди и достави дозвола за користење на вода од бунар од надлежен орган |
| Барање информација до МЖСПП Бр.14-104/2017 | 30.01.2019 | Се бара информација до каде е постапката за добивање на дозвола за користење на вода од бунар |
| Одговор на барање од МЖСПП УП1-11/5-1082/2018 | 26.02.2019 | Одговорено е дека постапката е во тек (примено на 04.03.2019) |
| Достава на Дозвола за користење на вода од бунар со Бр.УП1-11/5-1082/2018 | 20.06.2019 | Дозволата кај органот е доставена на 12.11.2019 год. |
| Записник од овластен инспектор Бр.16/23 | 15.11.2019 | |
| Записник Бр. 14-104/2017 | 28.11.2019 | Направен е увид во инсталацијата |
| Заклучок за дополнување Бр.14-104/2017 | 10.12.2019 | Побарани се информации за пречистителната станица како и извршени мерења за отпадна вода од пречистителната станица |
| Дополнување на Барањето Бр.14-104/2017 | 27.12.2019 | Бараните податоци се доставени |
| Комплетно барање Бр.14-104/2017 | 30.12.2019 | |
| Објава на Барање Бр.14-104/2017 | 03.01.2020 | Барањето е објавено на 08.01.2020г. во дневен весник Вечер и Коха и на web страната на општината |

| | | |
|---|---|---|
| Известување до институциите Бр.14-104/2017 | 08.01.2020 | Барањето е доставено до Министерство за здраство-Скопје |
| Известување до институциите Бр.14-104/2017 | 08.01.2020 | Барањето е доставено до Агенција за храна и ветеринарство-Скопје |
| Известување до институциите Бр.14-104/ 2017 | 08.01.2020 | Барањето е доставено до Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство -Скопје |
| НАЦРТ - Б - еколошка дозвола Бр.14-104/2017 | 11.02.2020 | -Објавена на во дневен весник Вечер и Коха и на web страната на општината и<br>-Доставена до операторот |
| Дозвола | 26.02.2020 | Одлучено позитивно |
| Барање за измена на Дозволата Бр.14-104/2017/2 | 13.01.2021 | Поднесено е барање за измена поради започнување со производство на трајни и полутрајни производи од месо |
| Записник од увид 14-104/2017/3 | 08.02.2021 | Направен е увид во инсталацијата |
| Заклучок за дополнување 14-104/2017/4 | 10.03.2021 | Побарани се дополнителни информации и документација |
| Дополнување по заклучокот 14-104/2017/5 | 19.04.2021 | Доставено е целосно дополнување на барањето |
| Комплетно барање 14-104/2017/6 | 19.05.2021 | Барањето е комплетно |
| Објава на Барање 14-104/2017/8 | 29.06.2021 | Барањето е објавено во Вечер,Коха и на web страната на општината |
| Достава на комплетно барање до МЖСПП Бр.14-104/2017-9 | 29.06.2021 | Нема забелешки |
| Достава на комплетно барање до МЗШВ Бр.14-104/2017-10 | 29.06.2021 | Нема забелешки |
| Нацрт Дозвола 14-104/2017 | 10.02.2022 | Изготвена е Нацрт Дозвола |
| Објава на Нацрт Дозвола 14-104/2017 | | Објавена на ден 08.02.2022г. во дневен весник Вечер и Коха и на web страната на општината |
| Дозвола 14-104/2017-17 | 30.03.2022 | Одлучено позитивно |

# Б - Интегрирана еколошка дозвола

**Број на Дозвола: 14-104/2017-17 од 30.03.2022 г.**

Градоначалникот на Општина Брвеница, во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ Бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09 и 48/10,124/10,51/11,123/12, 93/13, 187/13, 42/14.44/15, 129/15, 192/15,39/16,28/18,65/18,99/18), го овластува операторот на инсталацијата

**ЗЗ ЕДИНСТВО со ограничена одговорност извоз-увоз с.Челопек**

**“ ПОДРУЖНИЦА КЛАНИЦА МИЧ ЧЕЛОПЕЧКО” с.Брвеница**

со регистрирано седиште на:

ул.Браќа Јаниќ бр.7А
1216 с.Брвеница -Општина Брвеница

ЕМБС: 4032381/35

да раководи со инсталацијата:

**“ ПОДРУЖНИЦА КЛАНИЦА МИЧ ЧЕЛОПЕЧКО ” с.Брвеница**

**Инсталација за колење,сечење,обработка и производство на трајни и полутрајни производи од месо**

ул.Браќа Јаниќ бр.7А
1216 с.Брвеница - Општина Брвеница

во рамките на Дозволата и условите во неа.

Градоначалник,
Јовица Илиевски

Дата: 30.03.2022 год.

# УСЛОВИ

## 1. Инсталација за која се издава Дозволата

1.1. Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табела 1.1.1

| **Табела 1.1.** | | |
|---|---|---|
| **Активности од Прилог 2 од Уредба за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување за оперативен план** | **Опис на наведената активност** | **Граници на наведената активност** |
| **Прилог 2 Точка 6. Останати активности**<br><br>**6.3. а) Кланици со капацитет на производство на трупови поголем од 5t/ден но помал од 50 t/ден**<br>**б) Обработка и преработка наменети за производство на храна од:**<br>**- животински суровини (освен млекото) со капацитет на производство на готови производи од 5 до 75 т/ден** | - **Колење на свињи и говеда и производство на свежо месо**<br><br>- **Производство на трајни и полутрајни производи од месо преку термичка обработка** | - 11-15 t /ден свинско месо<br>- 11-15 t /ден говетско месо<br><br>- 2 t /ден |

1.2.Активностите овластени во условите 1.1. ќе се одвиваат само во границите на локацијата на инсталацијата, прикажана во планот од Табела 1.2.

| **Табела 1.2.** | |
|---|---|
| **Документ** | **Место во документацијата** |
| Извод од катастарски план | КП Бр.601 КО Брвеница м.в. Врбљаци |

1.3. Носителот на Б-интегрирана еколошка дозвола/Оператор на инсталацијата при користењето и управувањето со инсталацијата е должен да ги почитува сите услови и мерки утврдени во оваа Дозвола.

1.4. Инсталацијата ќе работи, ќе се контролира,ќе се одржува, и емисиите ќе бидат така како што е наведено во оваа Дозвола.

1.5. Инсталацијата не смее да работи над капацитетот наведен во барањето, без писмено одобрение од Надлежниот орган.

1.6. Оваа Дозвола е само за потребите на Интегрирано спречување и контрола на загадувањето согласно Законот за животна средина и ништо од оваа Дозвола не го ослободува Операторот од обврските за исполнување на условите и барањата од други закони и подзаконски акти.

1.7. Операторот на инсталацијата е должен да плати Годишен надоместок за поседување на Б-интегрирана еколошка дозвола.Начинот и рокот на плаќање на надоместокот ќе биде утврден во налог.Неплаќањето на надоместокот согласно налогот ќе преставува услов за одземање на Дозволата и започнување на постапка за присилна наплата.

1.8. Оваа Дозвола е со важност од 7(седум) години, сметајќи од денот на издавање на Дозволата.

1.9. Операторот на инсталацијата е должен една година пред истекот на рокот на важност на Дозволата да поднесе барање до Надлежниот орган за обнова на оваа Дозвола.

1.10 Активностите на инсталацијата ќе се извршуваат на КП Бр.601 на м.в. Врбљаци – КО Брвеница -Општина Брвеница.



Локација на инсталацијата

Одделение за катастар на недвижности Тетово

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1109-5858/2019 од 11.12.2019 08:44:53

Податоци за сертификатот на овластеното лице
Сертификатот е издаден на: Богољуб Коцевски
Издавач: KibsTrust Qualified Certificate Services
Сериски број: 1521a954
Валиден до: 23.12.2020
Датум и час на потпишување: 11.12.2019 во 14:34:30
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

1109-5858/2019

## ИЗВОД ОД КАТАСТАРСКИ ПЛАН

Размер на планот ______

Катастарска општина 505 БРВЕНИЦА-ВОНГРАД

Катастарска парцела 601/0




М.П.

**Овластено лице**

**Богољуб Коцевски**

(име и презиме, потпис)

# 2. РАБОТА НА ИНСТАЛАЦИЈАТА

## 2.1 Техники на управување и контрола

2.1.1 Во инсталацијата за која се издава Дозволата ќе работи персонал, кој е соодветно обучен и целосно запознаен со барањата од Дозволата.

2.1.2 Во инсталацијата, како одговорно лице за прашања од областа на животната средина е назначено лицето Симон Симоски. Назначеното лице е соодветно обучено и врши обука на останатиот персонал за прашања поврзани со животната средина.

2.1.3 Операторот писмено ќе го извести Надлежниот орган при промена на лицето одговорно за прашањата за животна средина, ако тоа евентуално се случи.

2.1.4 Целиот персонал ќе биде целосно запознаен со оние аспекти од условите во Дозволата, кои се релевантни на нивните должности. Операторот да воспостави процедури за обезбедување на соодветна обука за целиот персонал чија работа може да има значително влијание врз животната средина, а исто така да подготвува записи од обуките кои ќе бидат достапни за увид по барање на Надлежниот орган.

2.1.5 Операторот е должен за спроведување на условите и мерките од оваа Дозвола, мониторинг на системите за намалување на емисиите,тековна проценка на еколошките перформанси на инсталацијата,спроведување на мерки за подобрување на процесот, одржување на воспоставената процедура за комуникација со Надлежниот орган.

2.1.6 Целата инсталација, опремата и техничките средства користени во управувањето со инсталацијата за која се издава Дозволата ќе бидат одржувани во добра оперативна состојба.

2.1.7 Копија од оваа Дозвола, како и оние делови од барањето кои се вклучени во дозволата, ќе бидат во секое време достапни за секој вработен кој ја извршува работата која е поврзана со условите во Дозволата.

2.1.8 Операторот ќе му достави на Надлежниот орган,Програма за управување на животната средина (ПУЖС) и Распоредот на целите и задачите за заштита на животната средина со комплетен преглед на сите операции, процеси,опции и можности за енергетска ефикасност и намалување на отпад, изготвени во рамките на Стандардот за животна средина на секои 12 месеци како дел од Годишниот Извештај за Животна Средина (ГИЖС).

2.1.9 Како дел од ГИЖС,операторот ќе подготви и ќе достави до Надлежниот орган Извештај за програмата, вклучувајќи ги успесите во постигнувањето на договорените цели. Таквите извештаи ќе се чуваат во рамките на инсталацијата за период не помал од 7(седум) години и ќе се достапни за инспекција од овластени лица на Надлежен орган.

## 2.2 Суровини (вклучувајќи и вода)

2.2.1 Операторот, согласно условите од дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи и водата) онака како што е опишано во документите Наведени во Табела 2.2.1 или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

| **Табела 2.2.1: Суровини (вклучувајќи и вода)** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Свињи | Барање - Глава IV | 19.12.2017 |
| Говеда | Барање - Глава IV | 19.12.2017 |
| Вреќи за пакување производ | Барање - Главаг IV | 19.12.2017 |
| Кеси надворешни | Барање - Глава IV | 19.12.2017 |
| Стреч фолија | Барање - Глава IV | 19.12.2017 |
| Етикети | Барање - Глава IV | 19.12.2017 |
| Вакум кеси | Барање за измена- Глава IV | 13.01.2021 |
| Адитиви | Барање за измена- Глава IV | 13.01.2021 |
| Зачини | Барање за измена - Глава IV | 13.01.2021 |
| Свинско месо,свински и овчи црева,цврсто масно ткиво | Барање за измена- Глава IV | 13.01.2021 |
| Електрична енергија | Барање – Главаг IV | 19.12.2017 |
| Пилевина | Барање за измена- Глава IV | 19.05.2021<br>13.01.2021 |
| Вода | Барање - Глава IV<br>Дополнување на Барањето | 19.12.2017<br>12.11.2019 |
| Препарат-флокулант Siliconic anti foam | Дополнување на Барањето | 27.12.2019 |
| **Средства за чистење и** | **дезинфекција** | |
| Nowa ISR 700 | Барање - Глава IV<br>Дополнување на Барањето | 19.12.2017<br>17.04.2018 |
| Nowa SLR 600 | Барање - Глава IV<br>Дополнување на Барањето | 19.12.2017<br>17.04.2018 |
| Rimadet SR -300 | Барање - Глава IV<br>Дополнување на Барањето | 19.12.2017<br>17.04.2018 |
| Domestos | Барање - Глава IV<br>Дополнување на Барањето | 19.12.2017<br>17.04.2018 |

2.2.2 Операторот да обезбеди соодветни простории за складирање на суровините, помошните материјали и готовиот производ.

2.2.3 Ракувањето со суровините, хемикалиите, посебно со сретствата за чистење и дезинфекција на објектите и опремата, ќе се извршува со најголемо можно внимание, според упатствата и препораките од производителот, упатството за безбедно ракување со материјалите и за нив ќе се води евиденција.

2.2.4 Операторот ќе ги чува суровините во затворени простории за чување,со соодветен температурен режим и влажност и ќе ги оддели суровините кои во меѓусебен контакт или во контакт со вода може да развијат реакција или да се растворат.

2.2.5 Операторот ќе врши колење,сечење на свежо месо и производство на трајни и полутрајни производи од свинско месо, доколку започне и со колење на говеда,сечење на свежо месо и производсво на производи од говетско месо, задолжително ќе го извести Надлежниот орган.

2.2.6 Вода за потребите на инсталацијата ќе се користи од сопствен бунар за користење на подземна вода,согласно издадената Дозвола за користење на вода од подземно водно тело со Бр.УП1-11/5-1082/2018 од 20.06.2019г. издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање.

2.2.7 Операторот ќе врши редовна дезинфекција на водата од бунарот и редовна контрола на функцијата и исправноста на хлоринаторот.

2.2.8 Товарењето и истоварањето на суровините и материјалите ќе се извршува на места наменети за тоа, заштитени од истурање и истекување.

## 2.3 Ракување и складирање на отпадот

2.3.1 Операторот, согласно условите од Дозволата, ќе ракува и ќе го складира отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.3.1 или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

2.3.2 За секој вид на отпад опасен и неопасен кој се предава на овластени постапувачи, операторот е должен да поседува важечки договори и да постапува во согласност со договорените услови.

2.3.3 Операторот ќе обезбеди отпадот, пред да се пренесе на друго лице, соодветно се спакува и се означи согласно Националните, Европските и било кои други стандарди кои се на сила во врска со таквото означување.

2.3.4 Операторот е должен, на локацијата точно да определи и обележи места за собирање и времено складирање на разни фракции на отпад,опасен и неопасен, кои места ќе бидат водонепропусни, покриени,соодветно обележани и обезбедени, со поставени садови за собирање на евентуални истекувања и апсорбенски материјали.

2.3.5 Операторот на инсталацијата да води дневник и евиденција на сите видови генериран отпад во инсталацијата,а исто така да пополнува и поседува идентификациони и транспортни формулари кои ќе бидат достапни за инспекција и за овластени лица на Надлежен орган во секое време.

2.3.6 Операторот е должен да врши прочистување на отпадната технолошка вода во пречистителната станица, и пред испуштање на прочистената отпадна вода во канализационен систем истата нема да ги надминува дозволените гранични вредности за испуштање на отпадна вода во канализационен сиситем.

2.3.7 Операторот нема да врши истурање,фрлање,горење или согорување на било каков отпад во границите на инсталацијата,ниту пак надвор од неа.

**Табела 2.3.1 : Ракување и складирање на отпадот**

| Опис | Документ | Дата кога е примено |
|---|---|---|
| Нус производи од животинско потекло | Барање -Глава V<br>Дополнување на Барањето<br>Дополнување на Барањето | 19.12.2017<br>17.04.2018<br>27.12.2019 |
| Отпад од депо | Барање -Глава V<br>Дополнување на Барањето | 19.12.2017<br>17.04.2018 |
| Санитарна отпадна вода | Барање -Глава V | 19.12.2017 |
| Комунален отпад | Барање -Глава V<br>Барање за измена-Прилог V | 19.12.2017<br>19.05.2021<br>13.01.2021 |
| Отпад од гајби | Барање -Глава V | 19.12.2017 |
| Отпадна технолошка вода | Барање -Глава V<br>Дополнување на Барањето<br>Дополнување на Барањето | 19.12.2017<br>17.04.2018<br>27.12.2019 |

| | | |
|---|---|---|
| | | 13.01.2021 |
| Атмосверска вода | Барање -Глава V | 19.12.2017 |
| Отпад од средства за чистење и дезинфекција | Барање -Глава V<br>Барање за измена-Прилог VII | 19.12.2017<br>13.01.2021 |
| Мил од третирање на отпадна вода | Дополнување – Глава VII | 27.12.2019 |
| | | |

**Табела 2.3.2: Отпад складиран на самата локација**

| **Опис на отпадот** | **Место на складирање на самата локација** | **Начин на складирање** | **Услови на складирање** |
|---|---|---|---|
| Отпад од животинско потекло (животинско ткиво-конфискат, содржина на црева и цревна маст, кожички, влакна и папци, коски, растур, др.) | Во разладна комора-ладилник | Во ПВЦ вреќи | Во соодветен континјер од каде се увреќува во најлонски вреќи и се чува во разладна комора се до превземање од страна на овластен оператор.<br>Заради намалување на габаритот на отпадот,се меле во машина за мелење на месо,коски и изнутрици |
| Комунален отпад | Привремено во кругот на инсталацијата | Контејнер за комунален отпад | Договор со овластен оператор за редовно собирање на ваков вид на отпад |
| Отпад од гајби | Привремено во кругот на инсталацијата | Контињер за таа намена | Договор со овластен оператор за редовно собирање на ваков вид на отпад |
| Отпадна технолошка вода | Во кругот на инсталацијата | Пречистителна станица (систем од армирано-бетонски базени) | Во пречистителната станица каде се врши третман на отпадна технолошка вода,па преку контролни шахти се испушта во канализација,за кој има договор со ОЈП Вардар |
| Мил од третирање на отпадна вода | Во кругот на инсталацијата | Бетонски кади | Превземање од овластен оператор |
| Атмосверска вода | Зелени површини во кругот на инсталацијата | Преку систем на одведување -собирни олуци | Зелени површини во кругот на инсталацијата |
| Отпад од средства за чистење и дезинфекција | Привремено во кругот на инсталацијата | Во посебни садови до превземање од овластена фирма | Договор со овластена фирма |
| Санитарна отпадна вода | Систем на одвод | Одводни цевки | Во канализација за кој има склучено договор со ОЈП Вардар-Брвеница |

## 2.4 Преработка и одлагање на отпад

2.4.1 Операторот,согласно условите во Дозволата,ќе го одлага отпадот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.4.1, или на друг начин договорен писмено со Надлежниот орган.

| Табела 2.4.1:Искористување и отстранување на отпадот | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Опис на управување со отпад | Барање,Прилог Глава V | 19.12.2017<br>17.04.2018<br>19.05.2021 |

2.4.2 Отпадот кој се испраќа надвор од инсталацијата ќе се транспортира само од овластени лица.Отпадот ќе се транспортира од местото на активноста до местото за одлагање или повторна употреба само на начин кој нема да влијае врз животната средина и во согласност со соодветните национални и Европски законски регулативи и протоколи.

2.4.3 За активностите кои се поврзани со операции за управување со отпадот на локацијата ќе се води целосна евиденција, која ќе биде достапна за инспектирање од страна на овластени лица на Надлежниот орган во секое време.Оваа евиденција треба да ги содржи како минимум следните детали:

- Имиња на превземачот и транспортерите на отпадот;
- Имиња на лицата кои се одговорни за крајно одлагање/рециклирање;
- Писмена Потврда од приемот и одлагањето/рециклирањето на отпадот за било какви опасни материи кои се пратени надвор од локацијата;
- Тонажа и МКО Код за отпадните материјали.

2.4.4 Методи за карактеризирање на отпадот со цел да се направат разлики помеѓу инертниот,опасниот и неопасниот треба да бидат во согласност со Националните закони и во отсуство на нив според ЕУ директивите.

## 2.5 Спречување и контрола на хаварии

2.5.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе ги спречи и ограничи последиците од хаварии, онака како што е опишано во документите во Табела 2.5.1, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

| Табела 2.5.1 : Спречување и контрола на несакани дејствија | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Спречување хаварии и реаграње во итни случаи<br>- Мерки и план за заштита и спасување<br>- Заштита од пожари<br>- Заштита од излевања<br>- Заштита од механички и електричен дефект<br>- Природни непогоди | Барање – Глава XIII и Прилгг 13.1<br><br>Дополнување на барање | 19.12.2017<br><br>17.04.2018<br><br>13.01.2021 |
| | | |

2.5.2 Во случај на несреќа Операторот веднаш треба да:

- Го изолира изворот на било какви емисии,
- Спроведе непосредна истрага за да се идентификува природата, изворот и причината на било која емисија,
- Го процени загадувањето на животната средина, предизвикано од инцидентот.
- Да идентификува и спроведе мерки за минимизирање на емисиите и ефектите кои следуваат,
- Го забележи датумот и местото на несреќата,
- Го извести Надлежниот орган и другите релевантни институции.

2.5.3 Операторот е должен во случај на хаварија веднаш да го извести Надлежниот орган и да му ги достави податоците кои се однесуват на:

- Околностите во кои се случила хаваријата
- Присутните супстанци за време на хаваријата
- Податоци потребни за проценување на последиците по здравјето на луѓето и по животната средина до кои дошло како резултат на хаваријата
- Превземените вонредни мерки

### 2.6 Мониторинг

2.6.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе изведува мониторинг, ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.6.1, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

| **Табела 2.6.1 :Мониторинг** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Мониторинг на интензитет на бучава | Барање -Глава XI и Прилог 11.1<br>Дополнување на Барање | 19.12.2017<br>17.04.2018 |
| Мониторинг на емисии на отпадна технолошка вода која се испушта од пречистителна станица во канализација | Барање -Глава XI<br>Дополнување на Барање<br>Дополнување на Барање-Глава VII | 19.12.2017<br>17.04.2018<br>27.12.2019 |
| Мониторинг на емисии во амбиентален воздух од комори за сушење | Барање за измена на Дозволата Глава XI | 19.05.2021 |

2.6.2 Операторот ќе обезбеди:

а) безбеден и постојан пристап до мерните места, за да се овозможи земањето примероци/мониторингот да биде изведено во релација со точките на емисија наведени во Додаток 2, освен ако не е поинаку наведено во Додатокот; и

б) безбеден пристап и до други точки на земање примероци/мониторинг, кога тоа ќе го побара Надлежен орган.

2.6.3 Земањето примероци и анализите ќе се изведува според пропишани методи и стандарди и од страна на акредитирана лабараторија.

2.6.4 Мониторингот ќе се врши во услови на оперативност на инсталацијата при задоволителни временски услови.

2.6.5 Фрекфренцијата,методите и обемот на мониторинг,начинот и местата на земање примероци и анализа ќе се извршуваат како што е наведено во оваа Дозвола или можат да се изменат во согласност со Надлежениот орган кој ќе ја следи проценката на доставените резултати.

2.6.6 Операторот е должен извештаите од мониторингот редовно да ги доставува до Надлежниот орган во временскиот период наведен во услов 4.1.2 од оваа Дозвола.

## 2.7 Престанок со работа

2.7.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е опишано во документите наведени во Табела 2.7.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

| **Табела 2.7.1 : Престанок на работа** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примен** |
| Ремедијација, престанок со работа, повторно започнување со работа и грижа по престанокот на активностите | Барање -Глава XIV<br>Барање за измена-Прилог XIV | 19.12.2017<br>13.01.2021 |

2.7.2 По престанок со работа на инсталацијата,операторот е должен да го спроведе планот за ремедијација односно мерките за ремедијација,во рок од 6 месеци од денот на престанокот со работа/затворање на инсталацијата.

2.7.3 Обврската за враќање на животната средина во задоволителна состојба по престанок на работа на инсталацијата од страна на операторот ќе се изврши во согласност со членот 120 од Законот за животна средина.

## 2.8 Инсталации со повеќе оператори

2.8.1 Со инсталацијата за која се издава оваа Дозвола управува само еден оператор.

## Документација

3.1.1 Операторот на инсталацијата ќе води податоци за:

а.секоја неисправност, дефект или престанок на работата на постројката, опремата или техниките (вклучувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка) што може да има, имало или ќе има влијание на перформансите за животната средина што се однесуваат на инсталацијата за која се издава Дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневник воден за таа цел;

б. целиот спроведен мониторинг и земањето примероци и сите проценки и оценки направени на основа на тие податоци.

3.1.2 Документацијата од 3.1.1 ќе биде достапна за инспекција од страна на Надлежниот орган во било кое време.

3.1.3 Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надокнада.

3.1.4 Специфицираните и другите документи треба:

- да бидат читливи;
- да бидат направени што е можно побрзо;
- да ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи кои можат да се приложат.

3.1.5 Операторот е должен специфицираната и другата документација да ја чува најмалку пет години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата.

3.1.6 За целиот примен или создаден отпад во инсталацијата за која што се издава Дозволата, операторот ќе има документација (и ќе ја чува најмалку пет години по престанокот со работа на инсталацијата за:

- Најдобра проценка на количината создаден отпад;
- Трасата на транспорт на отпадот за одлагање;
- Најдобра проценка на количината отпад испратен на преработка;
- Количината на отпадот (изразена во тони) испратен надвор од локацијата за одложување/рецилкирање според Листата на видови на отпад;
- Име на правното лице задолжено за транспорт на отпад, како и детали околу добиената Дозвола за постапување со отпад
- Детали за крајната дестинација на одложување/ рециклирање на отпад и нејзината соодветност да го прифати упатениот отпад;
- Документ за прифаќање и одлагање/преработка на отпад кој е испратен надвор од локацијата;
- Количините и означување на типовите на отпад кои се според Листата на видови на отпад;
- Состав на отпадот или онаму каде што е можно опис.

.

3.1.7 Операторот е должен да ги чува следниве документи и при надзор на инспекциски орган ќе овозможи увид на:

- Дозволи поврзани со инсталацијата
- Записи од сите прибирања на примероци за анализи, мерења, испитувања, калибрирања и одржување кое е извршено во согласност со барањата на оваа Дозвола и целиот мониторинг кој се поврзува со перформансите во однос на животната околина на инсталацијата
- Целата преписка со Надлежниот орган
- Детали за крајната дестинација на одложување
- Било кои други докумемнти направени од страна на операторот поврзани со работата на инсталацијата за која се издава Дозволата(други документи)

3.1.8 Операторот ќе направи записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзино влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата, како и кратко резиме доколку имало било каква истрага по таа основа и резултати од истата.Таквите записи треба да бидат чувани во дневник воден за таа цел.

3.1.9 Операторот ќе води записник за секој инцидент.Овој запис треба да вклучува детали за природата,обемот и влијанието на инцидентот како и причините што довеле до него.Евиденцијата треба да ги вклучува и превземените корективни мерки за да се управува со инцидентот, да се минимизира генерираниот отпад и ефектот врз животната средина и да се избегне негово повторно случување. Операторот треба што е можно побрзо по известувањето за инцидентот, да му ја достави евиденцијата за инцидентот на Надлежниот орган.

## 4. Редовни извештаи

4.1.1 Сите извештаи и известувања што ги бара оваа Дозвола, операторот ќе ги испраќа до Надлежниот орган за животна средина.

4.1.2 Операторот ќе даде извештај за параметрите од Табела Д2 во Додатокот 2:

**а.** во однос на наведени емисиони точки;

**б**. за периодите за кои се однесуваат извештаите наведени во Табела Д2

**ц.** давање на податоци за вакви резултати и проценки како што може да биде барано од страна на формуларите наведени во тие Табели; и

**д.** испраќање на извештај до Надлежниот орган:

- за годишните извештаи наведени во табела Д 2 во рок од 14 дена од извршените мерења.

4.1.3 Сите извештаи ќе бидат потпишани од страна на назначено овластено лице од инсталацијата.

4.1.4 Операторот ќе поднесе до Надлежен орган, најдоцна до 31 Март секоја година Годишен извештај за животна средина (ГИЖС) кој ја покрива претходната календарска година.

| **Годишен извештај за животна средина (ГИЖС)** |
|---|
| Емисии од инсталацијата<br>Евиденција за управување со отпад<br>Преглед на потрошувачка на суровини<br>Резиме на забелешки (жалби/поплаки)<br>Распоред на цели и задачи за животна средина<br>Програма за управување со животната средина-извештај од претходната година<br>Програма за управување со животната средина-предлог за тековната година<br>Регистар на загадувачки емисии-предлог за тековната година<br>Резиме на извештајот за мониторинг на бучава<br>Резиме на мониторинг на амбиентален воздух<br>Резиме на пријавени инциденти<br>Резиме од извештај за ефикасност на енергијата<br>Извештај за утврдување на ефикасноста од користење на суровини во процесот и редукција на генерираниот отпад<br>Сите други предмети специфицирани од страна на надлежен орган |

## 5. Известувања

5.1.1 Операторот ќе го извести Надлежниот орган **без одложување:**

**а.** кога ќе забележи емисија на некоја супстанција која го надминува лимитот или критериумот на оваа дозвола, наведен во врска со таа супстанција;

**б.** кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување;

**ц.** кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работата на постројката или техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување; и

**д.** било какво несакано дејство што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување.

5.1.2 Операторот ќе даде писмено известување што е можно побрзо, за секое од следниве:

**а.** перманентен престанок на работата на било кој дел или целата инсталација, за која се издава дозволата;

**б.** престанок на работата на некој дел или на целата инсталација за која се издава дозволата, со можност да биде подолго од 1 година; и

**ц.** повторно стартување на работата на некој дел или целата инсталација за кој што се издава дозволата, по престанокот по известување според 5.1.3

5.1.3 Операторот ќе даде писмено известување во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи:

**а.** било каква промена на трговското име на Операторот, регистарско име или адресата на регистрирана канцеларија;

**б.** промена на податоците за холдинг компанијата на операторот (вклучувајќи и податоци за холдинг компанијата кога операторот станува дел од неа);

**ц.** за активностите кога операторот оди во стечај склучува доброволен договор или е оштетен;

# 6. Емисии

## 6.1 Емисии во воздух

6.1.1 Емисиите во воздух од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.1 ќе потекнат само од извор(и) наведен(и) во таа Табела.

| Табела 6.1.1: Емисиони точки во воздухот | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија/опис** | **Извор** | **Локација на точката на емисија** |
| Мерно место бр.1 | Испуст 1 од комора за сушење | X 4646562.29<br>Y 7499913.95 |
| Мерно место бр.2 | Испуст 2 од комора за сушење | X 4646561.61<br>Y 7499913.64 |

6.1.2 Границите на емисиите во воздух за параметарот(рите) и точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.2 и 6.1.3 нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.1.3 Временските периоди од 6.1.2 и 6.1.3 соодветствуваат на оние од прифатената Програма за подобрување во поглавјето **8** од оваа Дозвола.

6.1.4 Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во табела 6.1.2 и 6.1.3 на точките на емисија и најмалку на фрекфенции наведени во тие Табели.

| Табела 6.1.2 : Граници на емисиите во воздухот | | |
|---|---|---|
| **Параметри** | **Ознака на точка на емисија**<br>**Мерно место 1 (испуст 1)**<br>**Мерно место 2 (испуст 2)** | **Фреквенција на мониторинг** |
| | **Гранична вредност на емисија (ГВЕ)**<br>**(Влезна топлотна моќ од 50-150 kWth)** | |
| Јаглерод моноксид CO | 4000 mg/Nm3 | Еднаш годишно |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| Зацрнување (затемнетост) на чаден гас | 1 | Еднаш годишно |

Гранични вредности на емисија при согорување кај уредите за ложење со влезна топлотна моќ за согорување од 50-150 KWth кои за согорување користат цврсти горива (јаглен, дрво,брикети,пелети од дрва) согласно Правилник за гранични вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанци во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл.Весник Бр.141/10,223/19)

6.1.5 Емисиите од инсталацијата не треба да содржат нападен мирис надвор од границите на инсталацијата.

6.1.6 Емисиите во воздухот, освен пареа и кондензирана водена пареа, не треба да содржат капки од презистентна магла и презистентен чад.

6.1.7 Операторот ќе превземе итни и неодложни мерки при евентуални непредвидени негативни влијанија во амбиенталниот воздух и за тоа без одлагање ќе го извести Надлежниот орган.

## 6.2 Емисии во почва

6.2.1 Нема да има емисии во почва.

6.2.2 Операторот ќе го извести Надлежниот орган без одлагање за секоја непредвидена емисија во почва.

6.2.3 Операторот е должен уредениот двор да го одржува чист, нема да се дозволи растурање на инертен отпад од рушење, поправки и слични активности. Исто така нема да врши истурање на било каков вид на отпад (цврст или течен) во почва, во и надвор од границите на инсталацијата кој што негативно влијае врз животната средина.

6.2.4 Операторот ќе превземе итни и неодложни мерки при евентуални негативни влијанија и непредвидени истекувања.

## 6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)

6.3.1 Емисии во вода од точка(и) на емесија наведени во Табела 6.3.1 ќе потекнуваат само од извор(ите) наведени во таа Табела.

| **Табела 6.3.1 : Точки на емисија во вода** | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија** | **Извор** | **Количество** |
| **Нема да има** | | |

6.3.2 Операторот не смее да испушта отпадни води од производството и санитарни отпадни води во околината/животната средина.

6.3.3 Атмосферските води од покривите преку собирни олуци се сливаат и се одведуваат до зелени површини.

6.3.4 Санитарната отпадна вода се одведува во канализационен систем.

6.3.5 Отпадната технолошка вода се прифаќа во сопствена пречистителна станица која се наоѓа во кругот на инсталацијата и по извршен третман на прочистување се испушта во канализационен систем.

## 6.4 Емисии во канализација

6.4.1 Емисиите во канализација од точката(ите) на емисија наведени во Табела6.4.1 ке потекнуваат само од изворите наведени во таа Табела

| **Табела 6.4.1 : Точки на емисија во канализација** | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точката на емисија** | **Извор** | **Канализација** |
| -Мерно место бр.2 (А2)-приемна шахта на излез со координати Y=499925.15 X=646516.15 Испуст од пречистителна станица пред влез во канализација | Отпадна технолошка вода од инсталацијата | Општински канализационен систем |
| | | |

6.4.2 Границите на емисиите во канализација за параметарот(рите) и точките на емисија поставени во Табела 6.4.2 нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

| **Табела 6.4.2** | **Граници на емисии во канализација** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Параметар** | **Точка на емисија** | | | **Фрекфренција на мониторинг** |
| | До датум на издавање на дозволата | Единица | Од издавање на дозволата ГВЕ за испуштање во канализационен систем | |
| Температура | 16 | C | 40 | Еднаш годишно* |
| Боја | | | без боја | Еднаш годишно* |
| pH | 6,9 | pH | 6,5-9,5 | Еднаш годишно* |
| Суспендирани честички | 50,9 | mg/l | - | Еднаш годишно* |
| Талог | 18 | ml/l | 20 | Еднаш годишно* |
| **БПК5** (мерењата се вршат со инхибиција на нитрификација) | | mgO2/l | 250 | Еднаш годишно* |
| **ХПК** | 93,4 | mgO2/l | 700 | Еднаш годишно* |
| Тешко разградливи липофилни честички | 313.5 | mg/l | 150 | Еднаш годишно* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Апсорбилни органски халогени | | mg/l | 0,5 | Еднаш годишно* |
| Хлор вкупен | 0,37 | mg/l | 0,4 | Еднаш годишно* |
| Вкупен азот | 20 | mg/l | - | Еднаш годишно* |
| Амониум | 5,60 | mg/l | - | Еднаш годишно* |
| Фосфор вкупен | 5,6 | mg/l | - | Еднаш годишно* |

*Референтна метода на мерење согласно Правилникот за условите,начинот и граничните вредности на емисија за испуштањето на отпадните води по нивно прочистување,начинот на нивно пресметување, имајќи ги во предвид посебните барања за заштита на заштитените зони (Сл.Весник на РМ Бр.81/2011)

6.4.3 Временските периоди од 6.4.2 соодвествуваат на оние од програмата за подобрување на поглавјето 8 од оваа Дозвола.

6.4.4 Нема да има испуштање на било какви супстанции кои може да предизвикаат штета на канализацијата или да имаат влијание на нејзиното одржување.

6.4.5 Операторот поседува склучен договор со ОЈП Вардар -Брвеница - субјект кој управува со канализациониот систем,кој е составен дел од оваа дозвола и во кој се содржани условите под кои операторот ќе ја испушта пречистената технолошка вода во канализационен систем.

6.4.6 Субјектот кој управува со канализациониот систем може во договорот од точка 6.4.5 за емисионите параметри од Табела 6.4.2 да стави пониски односно построги гранични вредности од пропишаните доколку истите се неопходни за правилно функционирање и одржување на канализациониот систем,а истото може да биде побарано и од надлежен орган.

6.4.7 Дефинираната фрекфренција може да биде зголемена по барање на надлежен орган.

6.4.8 Не смее да има емисии во канализација од страна на инсталацијата за која се издава дозволата, на било која супстанција препишана за вода за која нема дадено граници во Табела 6.4.2 освен за концентрации кои веќе ги има во водата.

## 6.5 Емисии на топлина

6.5.1 Од инсталацијата нема да има емисии на топлина кои значително ќе влијаат врз животната средина.

## 6.6 Емисии на бучава и вибрации

6.6.1 Емисиите на бучава од локацијата на инсталацијата треба да бидат во согласност со стандардите пропишани со националното законодавство, Одлука за утврдување во кои случаеви се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава (Сл.весник на РМ Бр.1/09) и Правилникот за локациите на мерните станици и мерните места (Сл.Весник Бр.12/08),Табела 6.6.2.

| **Табела 6.6.2 Емисии на Бучава dB (A)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Степен на заштита од бучава** | Преку ден | Преку ноќ | **Се однесува на** |
| Подрачје од III степен | 60 | 55 | Постоечката локација |

6.6.3 Интензитетот на бучавата нема да ја надмине границата од максимално дозволените 60 Db (преку ден) и 55 Db (преку ноќ) надвор од локацијата на инсталацијата согласно пропишаната граница на дозволена бучавост од Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина.

6.6.4 Операторот ќе врши преглед на бучавата на локацијата еднаш годишно.

6.6.5 Операторот во границите на инсталацијата нема да создава бучава, вибрации и нејонизирачко зрачење чие влијание би се одразило штетно на околината.

6.6.6 Оценка на амбиенталната бучава – измерено ниво на бучавост Табела 6.6.7

| **Табела 6.6.7 Емисии на Бучава dB (A)** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Референтни точки** | **Национален координатен систем** | Ниво на бучава dB | | Гранична вредност (ГВЕ) | | | **Фреквенција на мониторинг** |
| | | **До( датум)** | **L (db)** | **Од ( датум)** | **L (dB)** ден | **L (db)** ноќ | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ММ1- источна страна** | 41 57 48.3 N 20 59 39.4 E | До денот на издавање | 48,1 | Од денот на издавање на Дозволата | 60 | 55 | Еднаш годишно |
| **ММ2 -западна страна** | 41 57 46.7 N 20 59 38.1 E | До денот на издавање | 42,5 | Од денот на издавање на Дозволата | 60 | 55 | Еднаш годишно |

## 7. Пренос до пречистителна станица за отпадни води

7.1 Операторот поседува сопствена пречистителна станица за третман на отпадна технолошка вода.

## 8. Програма за подобрување

8.1.1 Операторот ќе ги спровед договорените мерки наведени во Табела 8.1.1 заклучно со датумот наведен во таа табела и ќе испрати писмено известување до Надлежниот орган за датумот кога било комплетирана секоја мерка, во рок од 14 дена од завршувањето на секоја од тие мерки.

| **Табела 8.1.1: Програма за подобрување** | | | |
|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Активност | Цена на чинење во евра | Време за реализација на активноста |
| 1. | Поднесување писмено известување до надлежниот орган за секоја промена и ново настаната состојба во инсталацијата | / | Континуирано во текот на работниот век на инсталацијата |
| 2. | Операторот во секое време да поседува важечки/обновени договори со овластени компании,транспортни и идентификациони формулари за преземање на секаков вид на отпад кој се генерира во инсталацијата. | / | Континуирано во текот на работниот век на инсталацијата |
| 3. | Спроведување мониторинг на бучава, на мерни места и фреквенција наведени во Дозволата | Не може да се утврди | Јули-Септември |
| 4. | Спроведување мониторинг на емисиите на отпадната технолошка вода пред испуст во канализација, на мерно место( А2), по потреба и на други мерни места, како и зголемување на фреквенцијата наведена во Дозволата | Не може да се утврди | Јули-Септември |
| 5 | Спроведување мониторинг на емисии во амбиентален воздух, на мерни места ММ1 и ММ2 наведени во Дозволата | Не може да се утврди | Јули-Септември |
| 6 | Покривање на базените за прифаќање и третман на отпадната технолошка вода | / | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7 | Сите изготвени материјали и извештаи за потребите на инсталацијата уредно ќе бидат поднесени до Надлежниот орган за следење на работата на инсталацијата | / | Континуирано во текот на работниот век на инсталацијата |
| 8 | Редовни обуки на вработените | / | Континуирано |

## 9. Договор за промени во пишана форма

9.1.1 Кога својството (или како што е друго договорено написмено) се користи во услов од Дозволата, операторот ќе бара таков договор на следниот начин:

а) Операторот ќе му даде на Надлежниот орган писмено известување за деталите на предложената промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа Дозвола; и

б) Ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена (вклучувајќи создавање отпад) како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се издава Дозволата.

9.1.2 Секоја промена предложена според условот 9.1.1 и договорена писмено со Надлежниот орган, може да се имплементира само откако операторот му даде на Надлежниот орган претходно писмено известување за датата на имплементација на промената. Почнувајќи од тој датум, операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува на тоа, Дозволата ќе мора да се дополнува.

# Додаток 1

Писмена потврда за условот 5.1.1 (известувања), согласно условот 5.1.2

Овој Додаток ги прикажува информациите што операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.1.2 од оваа Дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисијата.

Ако некоја информација се смета за деловно доверлива, треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена на одделен лист заедно со барање за комерцијална доверливост во согласност со Законот за животна средина.

Потврдата треба да содржи

**Дел А**

- Име на операторот.
- Број на дозвола.
- Локација на инсталацијата.
- Датум на доставување на податоци.
- Време, датум и локација на емисијата.
- Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува:
- Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисија, и времето кога се случила емисијата.
- Медиум на животната средина на која што се однесува емисијата.
- Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

**Дел Б**

- Други попрецизни податоци за предметот известен во Делот А.

- Превземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување на истиот проблем.
- Превземени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување на загадувањето или штетата на животната средина што може да се случи како резултат на емисијата.
- Датуми на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци.
- Име Пошта
- Потпис Датум
- Изјава дека потпишаниот е овластен да потпишува во име на операторот.

## Додаток 2

Извештаи за податоците од мониторингот

Параметрите за кои извештаите ќе бидат направени, согласно условите 4.1.2 од оваа Дозвола, се наведени подолу.

| **Табела Д2:Извештаи за податоците од мониторингот** | | | |
|---|---|---|---|
| **Параметар** | **Точка на емисија** | **Период за давање извештаи** | **Почеток на периодот** |
| **Интензитет на бучава** | ММ1<br>ММ2 | Еднаш годишно | Од добивање на Дозволата |
| **Емисии во амбиентален воздух**<br>-јаглерод моноксид<br>- зацрнување на чаден гас | ММ1<br>ММ2 | Еднаш годишно | Од добивање на Дозволата |
| **Емисии во канализационен систем** | | | |
| Температура | А2 | Еднаш годишно | Од добивање на Дозволата |
| Боја | А2 | Еднаш годишно | Од добивање на Дозволата |
| pH | А2 | Еднаш годишно | Од добивање на Дозволата |
| Суспендирани честички | А2 | Еднаш годишно | Од добивање на Дозволата |
| Талог | А2 | Еднаш годишно | Од добивање на Дозволата |
| БПК5 mgO2/l | А2 | Еднаш годишно | Од добивање на Дозволата |
| ХПК mgO2/l | А2 | Еднаш годишно | Од добивање на Дозволата |
| Тешко разградливи липофилни честички | А2 | Еднаш годишно | Од добивање на Дозволата |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Апсорбилни органски халогени | А2 | Еднаш годишно | Од добивање на Дозволата |
| Хлор вкупен | А2 | Еднаш годишно | Од добивање на Дозволата |
| Вкупен азот | А2 | Еднаш годишно | Од добивање на Дозволата |
| Амониум | А2 | Еднаш годишно | Од добивање на Дозволата |
| Фосфор вкупен | А2 | Еднаш годишно | Од добивање на дозволата |
| Годишен извештај за животна средина (ГИЖС) | | До 31 Март секоја година за претходната година | Од добивање на дозволата |